Архивски број: 08-46/1
09.01.2026 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-493/1 од 11.06.2025 година, поднесена од ----- за заштита од дискриминација врз основ на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на членство во синдикат врз -----, од страна на -----, во областа на работата и работните односи.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 11.06.2025 година, ----- со адреса на ул. ----- (во натамошниот текст: подносителот), до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе Претставка бр. 08-493/1.

Подносителот ја поднесува претставката, бидејќи смета дека е жртва на дискриминација при вработување во -----, со седиште -----. Наведува дека има три години работно искуство во фирмата -----, во автомобилската индустрија (автомобилска електроника), со соодветна стручност и квалификации. Истакнува дека во повеќе наврати, меѓу кои, последно на 17.03.2025 година, се пријавува на огласи за вработување објавени од -----. Кога бил повикуван одел на интервју, но, како што наведува, не добивал повратна информација дека ги исполнувал условите, а дека според информации добиени од негови пријатели вработени во оваа фирма, неформално му било кажано дека причината за тоа е негово учество во штрајк во фабриката ----- во 2009 година, во својство на еден од водечките работници. Истакнува дека тоа го смета за директна дискриминација врз основа на синдикална активност и нееднакво постапување во пристап до работа, па бара од Комисијата да изврши увид и утврди дали постои дискриминација во процесот на селекција на кандидати од страна на -----, барајќи објаснување од нив за основите врз кои кандидатите се одбиваат или селектираат.

Во прилог во копии доставува кратка биографија и извадок од неделен магазин „Фокус“ од негово интервју на ----- година.

----- на 18.07.2025 година, со Одговор бр. 04-3598/01 од 11.07.2025 година, се изјасни за наводите од претставката. Наведуваат дека наводите во претставката се целосно неосновани. Истакнуваат дека вработуваат ----- лица како дел од

реномираната глобална групација, а од 2011 година спровеле огромен број на процеси за регрутација и вработување на лица. Укажуваат на тоа дека во секој процес на вработување, компанијата согласно интерните прописи се потпира единствено на објективни, професионални тестирања за испитување на способностите на кандидатите без било каква дискриминација по било каков основ. Наведуваат дека во процесот на регрутација, немаат потреба од добивање на информација од страна на кандидатите за нивните лични околности, верувања, политички дејствувања или членства во синдикални организации - со оглед на тоа што истите не се во ниту еден момент релевантни за процесот. Во конкретниот случај, при процесот на регрутација добиле биографија од страна на лицето (како што е приложена кон претставката) во која што има информација само за неговото професионално ангажирање и каде што никаде не е спомната неговата синдикална активност. Па истакнуваат дека поради тоа, овој податок не можел да биде од влијание во процесот на регрутација. Наведуваат дека е вообичаено во секој процес на регрутација, да постојат кандидати кои што имаат послаби резултати во тестирањето кои што не успеваат да го поминат процесот, па се избираат подобрите кандидати кои што се вработуваат во -----. Следствено, ниту едно одбивање на било кој од кандидатите за вработување, вклучително и на подносителот, не е поврзано со било каква дискриминација.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, „постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“.

Согласно член 26 од Законот, „подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.“.

Имајќи ја во предвид фактичка состојба согласно изнесените факти во претставката и изнесените факти и докази од страна на -----, Комисијата не утврди дека

е сторена дискриминација кон подносителот врз основа на членство во синдикат. Комисијата не ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот при утврдување на фактичката состојба, а фактите и околностите изнесени од двете страни ги ценеше подеднакво, без товарот на докажување да премине на страната на потенцијалниот дискриминатор во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1, а во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Следствено, Комисијата не утврди каузалност на наведениот дискриминаторски основ со неизборот на подносителот во постапка за вработување во -----. Изнесените факти и околности на подносителот не се доволно поткрепени, за да истите се ценат за веројатни, односно подносителот паушално наведува постоење на неформални информации и посочува на одредено одминато интервју, без притоа да наведе конкретни факти кои недвосмислено би упатувале на конкретно дејствие на компанијата причинско-последично поврзано со неговата некогашна синдикална активност. Пред сѐ, во смисла на тоа во процесот на пријавување и селекција конкретно дејствие на работодавачот, во вид на некаква изјава, кажување или практика на рангирање и селекција да упатувало на можен мотив и тенденција за необјективна селекција врз основ на синдикална активност.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*

- *Подносителот*
- *-----*
- *Архива на КСЗД*